Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 7**

**23.06.2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ „ Втори Септември" Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар, донесена на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/1 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 94 став 2 од Статутот на Општна Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 07/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.06.2025, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на финансиски средста на ЈОУДГ „ Втори Септември" Демир Хисар**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат финансиски средства на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар, во рамките на можностите на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Демир Хисар за 2025 година и истите ќе се исплатат на жиро сметка на ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ.

Средствата ќе се исплатат врз основа на доставено барање за подмирување на фактури за течни горива и доставени фактури на ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ од страна на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар, заверено во архива на Општина Демир Хисар со бр. 17-608/1 од 16.05.2025 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-691/3 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2025 година**

1. Ја објавувам Програмата за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2025 година, донесена на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/2 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02), член 80 и 80а од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12.25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15,30/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 279/20), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19 и 07/21 " Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 20.06.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР за 2025 година**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во делот **2.1-Критериуми за определување на видот на урбана опрема** после точка 9 се додаваат три нови точки кои гласат:
Угостителските и деловни објекти на подрачјето на Општина Демир Хисар може да постават урбана опрема, согласно издаденото Одобрение за поставување на урбана опрема донесено од Градоначалник на Демир Хисар. Во одобрените граници за користење на јавна површина може да се постави метална, пластична, дрвена или стаклена ограда. Во тој случај задолжително е истата да биде прицврстена на дрвена платформа-подлога.
Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условитеод оваа Програма и условите од други прописи.

Доколку во просторот околу деловниот објект има организирана јавна пешачка прометна површина на која може да се постави урбана опрема, истата може да излегува од границите на ширината и должината на објектот доколку местото каде што се поставува урбаната опрема претставува просторна целина, поставувањето не го попречува нормалното движење на пешаци и интервентни возила, ги исполнува пропишаните стандарди од оваа Програма и условите од други прописи.

**Член 2**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во делот **2.1- Критериуми за определување на видот на урбана опрема** после подточка 9 се додаваат три нови подточки кои гласат:

**-Тераси и шанкови**

1. Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположливата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.225/20) особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по односна непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот(пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско икомунално возило (возила на јавни служби).
2. Не е дозволено затворање на урбаната опрема на летната тераса со најлони, стаклени прегради и сл. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. тоа се
3. На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.
4. Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.
5. Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.
6. Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.
7. Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали.
8. Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.
9. Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

**Тенди**

1. Тендите се типски - монтажни елементи конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден

ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот. При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси, минималната слободна височина изнесува 2.8м.
2. Поставената и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса. Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Настрешници**
1. Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат фиксно прицврстени за јавната површина.При поставувње на настрешници минималната слободна височина изнесува 2.8м.
2. Доколку се поставуваат настрешници, не се поставуваат други видови на заштита од атмосферски влијанија. Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал илификсна конструкција која вертикално ќе се спушта од настрешницата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Член 3**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-691/4 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр.17-257/5 од 14.03.2018 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр.17-257/5 од 14.03.2018 година, донесена на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/3 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 2 и член 20 од Законот за комунални такси (,,Службен весник на РМ" бр.61/04,...., 23/16), а во врска со член 104 точка 3 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Сл.гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 ,7/21 и 21/23),

Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр.17-257/5 од 14.03.2018 година**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр.17-257/5 од 14.03.2018 година во Член 2, Тарифен број 3 се менува и гласи:

,,За користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност од м2 дневно е 5 денари.

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка за општината”.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“

Бр.17-691/5 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување член на Управен одбор во ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за именување на член на Управен одбор во ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, донесено на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/4 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М” бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр.202/24), член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21”), а во врска со член 183 од Законот за социјална заштита (,,Службен весник на РСМ” бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата

одржана на ден 20.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување член на Управен одбор во ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар**

1. За член на Управен одбор во ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар од вработените во општинската администрација кој врши работи од социјалната заштита со мандат од четири години се именува:

   - Даниела Карчевска

2. Именувањето е врз основа на барање од ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар со арх. број 17-614/1 од 20.05.2025 година.

3. Со донесување на ова решение престанува да важи решението со бр. 17-1224/20 од 22.12.2023 година, донесено од советот на Општина Демир Хисар.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, именуван член и ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар.

Бр.17-691/6 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, донесен на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/5 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24"), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службенн весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), како и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.06.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

1. Се усвојува Финансикиот извештај на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период 01.01.2025 до 31.03.2025 година со бр. 0501-170 од 30.05.2025 година, усвоен од Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар со Одлука бр.0202-172/3 од 04.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

По еден примерок од Заклучокот се доставува до архива на Општина Демир Хисар и ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.

Бр.17-691/7 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар, донесена на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/6 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар со архивски број 0102-173/1 од 02.06.2025 година усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 0202-172/4 од 04.06.2025 година.

Член 2

Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар со архивски број 0102-173/1 од 02.06.2025 година, изготвен од страна на Директорот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар, влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е образец за измена на годишен план за вработување пропишан од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за јавна администрација за добивање на позитивно мислење.

Член 5

Одлуката стапува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-691/8 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесена на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/7 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 143/19, 14/20 и 208/24), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар со архивски број 0102-174/1 од 02.06.2025 година, утврден со Одлука од Управен одбор бр.0202-172/5 од 04.06.2025 година.

Член 2

Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ - Демир Хисар со архивски број 0102-174/1 од 02.06.2025 година, изготвен од страна на Директорот на ЈКП „Комуналец“ - Демир Хисар, влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е образец за годишен план за вработување пропишан од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за јавна администрација за добивање на позитивно мислење.

Член 5

Одлуката стапува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-691/9 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за спроведување постапка за запишување во катастар на недвижности -Општински пат Суводол-Манастир „Св. Богородица“**

1. Ја објавувам Одлуката за спроведување постапка за запишување во катастар на недвижности-Општински пат Суводол-Манастир „Св. Богородица“, донесена на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/8 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Оштина демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19 и 07/21) , Советот на Општина демир Хисар на седницата одржана на ден 20.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за спроведување постапка за запишување во катастарот на недвижности на општинскиот пат Суводол-Манастир „Св.Богородица**

Член 1

Се донесува Одлука за спроведување постапка за запишување во катастарот на недвижности на општинскиот пат Суводол-Манастир ,,Св.Богородица”. За спроведување на оваа Одлука се задолжуваат надлежните служби да изготват соодветна документација со цел запишување запишување во катастарот на недвижности на општинскиот пат Суводол-Манастир ,,Св.Богородица”

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на доенсувањето, а ќе се објави о Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-691/10 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар“, донесена на 49-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 20.06.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-709/9 Општина Демир Хисар**
**23.06.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) како и член член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 13/16, 14/18, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на ден 20.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар еден ден од неделата – петок, на ЈП Дехи Транс Демир Хисар во износ од 35.000,00 денари.

Член 2

Бесплатниот превоз ќе започне од 27.06.2025 година и ќе трае заклучно со 31.08.2025 година.

Член 3

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Средствата од став 1 на овој член ќе се префрлат на сметка на ЈП Дехи Транс Демир Хисар согласно потпишан договор помеѓу Градоначаликот на Општина Демир Хисар и Директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-691/11 Совет на Општина Демир Хисар
20.06.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

-----------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар------------------------------------1

2. Програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2025 година------------------------------------2-4
3. Одлука за измена на Одлуката за утврдување висината на комуналните такси бр.17-257/5 од 14.03.2018------- 4-5
4. Решение за именување член во Управен одбор на ЈУ „Центар за социјална работа“ Демир Хисар ----------------------------------5-6
5. Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година---------------------------7
6. Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување за 2025 година во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар-------------------------------------------------8
7. Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2026 година во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар------------9
8. Одлука за спроведување постапка за запишување во катастарот на недвижности општинскиот пат Суводло-Манастир „Св.Богородица“-------------10
9. Одлука за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар---11

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**